bredalorett.com

# КОМПЛЕТ ЛЕЖИШТЕ ЗА ТРКАЛО



# ЛЕЖИШТАТА ЗА ТРКАЛА ВЕЌЕ СО ГОДИНИ ПРЕТСТАВУВААТ ЕДНИ ОД НАЈВАЖНИТЕ ПРОИЗВОДИ ВО НАШИОТ АСОРТИМАН.

- Овие производи, кои главно се дистрибуираат во комплети, претставуваат компоненти кои се мошне подложни на абење поради тешките услови во кои тие ја вршат својата функција. Ние во Breda Lorett се трудиме да обезбедиме сигурност и квалитет преку детална проверка на секој елемент по којшто тие се разликуваат.

- Како и поголемиот дел од снабдувачите на делови, ние не ги изработуваме лежиштата во нашата фабрика. Од друга страна, ние поседуваме долгогодишно искуство во полето на уреди и технички спецификации наменети за оптимизирање на перформансите, во комбинација со целосно познавање на производот. Освен тоа, вршиме ригорозна селекција на нашите снабдувачи, подложувајќи ги на систематска контрола на квалитетот.

- Внимателно се придржуваме кон стандардите ISO во целокупното наше корпоративно работење и ги користиме како водилки и упатувања при јасната и темелна подготовка на сите документи (како што се, на пример, плановите за тестирање) кои се неопходни за да се потврди дека процесите на производство и спецификациите за снабдување на различните фабрики се во согласност со бараниот степен на квалитет. Сигурноста на производите вклучени во нашите пакети е загарантирана.



● ЛЕЖИШТЕТО ЗА ТРКАЛО Е ОСНОВЕН БЕЗБЕДНОСЕН ЕЛЕМЕНТ КОЈШТО ПОДДРЖУВА АКСИЈАЛНИ И РАДИЈАЛНИ ОПТОВАРУВАЊА ВО МОШНЕ РАЗЛИЧНИ УСЛОВИ НА ВИБРАЦИИ И НАПРЕГАЊЕ И ВО НАЈРАЗЛИЧНИ УСЛОВИ НА ОКОЛИНАТА.

ЗАРАДИ ФАКТОРИТЕ НА РИЗИК КОИШТО МОЖАТ ДА ПРЕДИЗВИКААТ ДЕФЕКТ НА ЛЕЖИШТЕТО, ПОТРЕБЕН Е РАЗВОЈ НА ПРОГРАМА ЗА ПОСТОЈАНО ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА СЕКОЈА ВНАТРЕШНА КОМПОНЕНТА, СО ЦЕЛ ДА СЕ ПРОИЗВЕДЕ ПОСТОЈАНО СИГУРЕН КОНЕЧЕН ПРОИЗВОД.






● Ние работиме директно на секој технички аспект на производот и сме во склад со нашите избрани снабдувачи во однос на сите спецификации, со цел да се постигне висок стандард на квалитет.

Строго го контролираме секој детаљ, поради тоа што одредени елементи, како на пример лабавоста, маста за подмачкување, работната квота и толеранциите овозможуваат лежиштата да бидат прилагодени за различни примени и драстично влијаат на нивниот век на траење.







● Слично на тоа, знаењето и специфичните алатки за мерење овозможуваат верификација на лежиштата кои се испорачуваат, обезбедуваат нивна постојана усогласеност со стандардите и овозможуваат правење на промени со кои се подобруваат нивните карактеристики.

# ДЕНЕС НАШИОТ АСОРТИМАН СЕ СОСТОИ ОД НАД **1700** ПРИМЕРОЦИ И СЕ ЗГОЛЕМУВА ЗАЕДНО СО РАЗВОЈОТ НА ВОЗНИОТ ПАРК.

## ПРИМЕР НА ЛЕЖИШТЕ ЗА ТРКАЛО И НА КОМПОНЕНТИ СО ПОСЕБНИ КАРАКТЕРИСТИКИ.

Тркалачки патеки и валчести тела со висок степен на фина обработка

Прстени од првокласен хромиран челик за да се гарантира максимална отпорност на абење



Челичен прстен за засилување на структурата и олеснување на монтажата.

Кафез од засилен најлон со ниско триење

Високоефикасни заптивки со обликуван профил од специјална гума.

Сите производи од нашиот асортиман помагаат во збогатувањето на базата на податоци TecDoc, од којашто произлегуваат најчестите броеви на делови и сите електронски пребарувања на синџирите за снабдување на резервни делови.

TecDoc

TecDoc CERTIFIED DATA SUPPLIER